Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-314/2

26-03-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-314/1 од 14.3.2024 година поднесена од [redacted] од Куманово, со адреса на живеење [redacted], против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.3.2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-314/1 од 14.3.2024 година, поднесена од [redacted] од Куманово против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи **поради ненавременост.**

## Образложение

На ден 14.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Куманово против Министерството за внатрешни работи (“**МВР**”) за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, лицето [redacted] со Решение бр. 22.4-75825/1 од 16.10.2015 на МВР како полициски службеник бил прераспореден во Самостоен полицаец, категорија Е, ниво Е2 во Единица за брзо распоредување, Оддел за специјални полициски операции, Централни полициски служби, Биро за јавна безбедност при МВР. За работното место на кое бил прераспореден имал право на плата за полно работно време во износ од 600 бодови и додаток на плата од 45% заради посебни услови за работа и опасност по живот.
Согласно новото Решение бр. 22.6-96649/1 од 9.12.2020 година на МВР, како полициски службеник по потреба бил прераспореден на работното место Техничар манипулант со воздухопловни горива и мазива, категорија Е, ниво Е2 во Единица за Аеродромска полициска база, Брзо распоредување, Оддел за специјални полициски операции, Биро за јавна безбедност при МВР. За ова работно место му се утврдуваат 600 бодови и додаток на плата 20% заради видот, природата и сложеноста на полициските работи.

Врз основа на ова, подносителот смета дека бил намерно дискриминиран од страна на Министерството за внатрешни работи, а согласно член 6, член 8 и член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Дополнително наведува дека на новото работно место бил прераспореден без претходно работно искуство во областа ракување со опасни материи, односно без соодветен сертификат за ракување со опасни материи. Ова тврдење го поткрепува со Медицински извештај од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од 8.6.2021 година, каде е наведено дека [redacted] не е способен да работи како Самостоен техничар манипулант со воздухопловни горива и мазива.

Смета дека новото Решение бр. 22.6-96649/1 од 9.12.2020 година било последица на одмазда на тогашниот командант на Единицата за брзо распоредување - [redacted] а од причина што од негова страна било поднесено Барање бр. 22.11.2-875/1 од 17.9.2020 година до [redacted] за лекарски преглед пред Лекарска комисија за утврдување на работна способност и откривање на професионални и друг вид заболувања поврзани со работата.
Во врска со ова, наведува дека тогашната и сегашна пракса била по поднесување на такво барање полициските службеници да не се менуваат сè до добивање на одговор од Лекарската комисија и од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, која пракса била прекршена само кај него.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата."*

Имајќи ја предвид горенаведената фактичка состојба и цитираната законска одредба, за поднесување на претставката не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок, односно станува збор за минати дејствија за кои подносителот дознал пред повеќе од шест месеци и од кои е изминато повеќе од една година.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје
26.3.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk